РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË

Бр.-Nr. 08-989/11

08.03. 2024 год.-viti

Скопје - Shkup

Универзитет „Визион"
Universiteti Ndërkombëtar VIZION
Uluslararasi VISION Üniversitesi
International VISION University
Гостивар - Gostivar

| Примено: / E pranuar: / Kabul tarihi | 28.03.2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.един. / Nj.org. / Org.bir. | Број / Numer / No. | Прилог / Shtojce / Neano | Вредност / Vlera / Deger |
| 03 | 199 | | |

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 72 седница одржана на 28.02.2024 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**за акредитација на студиската програма „Општа медицинска сестра", прв циклус на стручни студии (240 ЕКТС) на англиски јазик, на Факултет за здравствени науки при Меѓународен универзитет „Визион'' Гостивар**

1. Се акредитира студиската програма „Општа медицинска сестра", прв циклус на стручни студии (240 ЕКТС) на англиски јазик, на Факултет за здравствени науки при Меѓународен универзитет „Визион'' Гостивар, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).
2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2023/2024 година.
3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС кредити и со стручен назив: Високо стручен за сестринство /во меѓународен промет, стручен, назив: Bachelor of applied arts (science) in nursing (240).

Научно - истражувачко подрачје: 3 Медицински науки и здравство; Научно – истражувачко поле: 305 Здравствена нега (сестринство), Научно – истражувачка област: 30501 Здравствена нега.

4. Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година, на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение, изнесува 48 студенти.
5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

По предходно донесената Одлука бр. 0201-741/03 од 14.07.2022 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Општа медицинска сестра", прв циклус на стручни студии (240 ЕКТС) на англиски јазик,, на Факултет за здравствени науки, Меѓународен универзитет „Визион'' Гостивар, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.0306-625/01 од 23.06.2023 година (наш бр. 08 -989/1 од 27.06.2023 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 62-та седницата одржана на 13.09.2023 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на Стручната комисија, бр.08 - 989/10 од 01.03.2024 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност, Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 72-та седница одржана на 28.02.2024 година,одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова